Врз основа на член 7 став 7 и член 14 од Законот за воздухопловство (Службен весник на Република Северна Македонија бр.14/2024) Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство на 71-та седница одржана на 26.04.2024 година донесе

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-568/2
29-04-2024 год.-viti
Скопје-Shkup

# СТАТУТ
# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут поблиску се уредуваат прашањата поврзани со организација и работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенција), а особено: седиштето на Агенцијата, ознаката, односно логото на Агенцијата, изработката и употребата на печати и штембили на Агенцијата, банкарските сметки на Агенцијата, делокругот и надлежностите на Агенцијата, внатрешната организација, органите на Агенцијата и нивните надлежности, начинот на нивниот избор, именување и разрешување, начинот на застапување на Агенцијата, обврската за вработените во однос на чувањето на доверливоста на податоците и степенот на тајност на актите, документите и другите податоци поврзани со работењето на Агенцијата, вработувањето, правата, обврските и одговорностите од работен однос, начинот на работа на Агенцијата, како и други прашања од значење за работата на Агенцијата.

**Член 2**

(1) Агенцијата е основана со Законот за воздухопловство за вршење на работите од областа на цивилното воздухопловство како независно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања утврдени со закон.
(2) Агенцијата ги извршува работите во согласност со Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на него, Законот за општа управна постапка доколку со Законот за воздухопловство и подзаконските прописи донесени врз основа на него поинаку не е определено, други закони и подзаконски прописи на Република Северна Македонија, како и меѓународните воздухопловни стандарди и препорачани практики или меѓународните договори.
(3) Агенцијата ги извршува надлежностите предвидени со прописите на Европската Унија и меѓународните воздухопловни стандарди и препорачани практики во својство на надлежна воздухопловна власт за регулирање, лиценцирање, сертификација и надзор во цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија, кои се дејности од јавен интерес.
(4) Агенцијата во својата работа и при донесување на одлуките во рамките на своите овластувања е целосно политички, финансиски и функционално независна од друг државен орган, друго јавно правно лице или трговско друштво што врши дејност од областа на воздухопловството и е непристрасна кон нив.
(5) Агенцијата стекнува статус на правно лице со запишување во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 3**

(1) Полното име на Агенцијата е:

- на македонски јазик „Агенција за цивилно воздухопловство“
- на албански јазик „ Agjencia e Aviacionit Civil“
- на англиски јазик „ Civil Aviation Agency“

(2) Скратеното име на Агенцијата е:

- на македонски јазик „АЦВ“
- на албански јазик „ ААС“
- на англиски јазик „САА“.

(3) За ден на Агенцијата за цивилно воздухопловство се определува 7 декември – Меѓународниот ден на цивилно воздухопловство.

## II. СЕДИШТЕ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 4**

Седиштето на Агенцијата е на ул. Даме Груев бр.1 во Скопје.

## III. ОЗНАКА/ЛОГО НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 5**

(1) Агенцијата има своја ознака, односно лого и тоа:

- Симболот претставува авион од хартија доведен до најминималистичка форма на 4 геометриски површини прекршени под агол од 90 степени кои перспективно завршуваат во точка. Дополнителна симболика во ова лого е буквата и формирањето на буквата „М“ која е поставена под 45 степени, а облик е оформен од 4-те раба на перспективните површини во преден план, а која ја симболизира почетната буква на Македонија;
- Типот на логото е пиктограм (или симбол лого). Стилот е геометриски, со користење исклучиво прави линии;
- Типографијата е строга и прецизна. Фонтот е PF Din Text Comp Pro. Има 2 стила од фонтот и тоа: за „Агенција за цивилно воздухопловство“ - PF Din Text Comp Pro –Bold за „Република Северна Македонија“ - PF Din Text Comp Pro – Light;
- Користените бои се на сина основа;
- Секундарни симболики на логото се – воздушна траекторија на летало, перспектива на траекторија за слетување, писта, движење, лет, брзо движење;

(2) Со одлука на Управниот одбор може да се утврди измена на изгледот на заштитниот знак на Агенцијата.

## IV. ПЕЧАТИ И ШТЕМБИЛИ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 6**

(1) Агенцијата има свој печат и штембил.

(2) **Печатот** на Агенцијата има облик на круг, во средината е грбот на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концентричен круг е испишано името на Република

Северна Македонија, а во вториот концентричен круг е испишан називот и седиштето на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

(3) Големината на печатот од став 2 на овој член, кој е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е со пречник од 40мм.

(4) **Штембилот** на Агенцијата има форма на правоаголник, го содржи името на Република Северна Македонија, називот и седиштето на Агенцијата за цивилно воздухопловство кој се испишуваат хоризонтално едно под друго, а под нив се остава празен простор за впишување на број на актот, на други писмена и на датумот на негово издавање.

(5) Големината на штембилот од став 4 на овој член, кој е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е со димензии 65х40мм.

(6) **Приемниот штембил** на Агенцијата има правоаголна форма во кој е впишано името на Агенцијата на македонски јазик и неговото кирилско писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, со место за дополнување архивски број и датум на прием на документот и е со димензии 65х35мм.

(7) Управниот одбор носи одлука за изработка и утврдување на бројот на печати и штембили со други димензии и форми за потребите на Агенцијата.

(8) Директорот донесува Упатство со кое се пропишува начинот на употреба, чување и поништување на печатите и штембилите на Агенцијата.

## V. БАНКАРСКИ СМЕТКИ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 7**

(1) Управниот одбор носи одлука за отварање на сопствени банкарски сметки во една или повеќе деловни банки во Република Северна Македонија.

(2) Потписник на банкарските сметки на Агенцијата е директорот на Агенцијата.

(3) На предлог на директорот, Управниот одбор донесува одлука за втор потписник на банкарските сметки со врзани потписи.

## VI. ДЕЛОКРУГ И НАДЛЕЖНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 8**

(1) Агенцијата ги има следниве надлежности:

- врши работи од својот делокруг во согласност со прописите од областа на воздухопловството, како и врз основа на Националната стратегија за развој на воздухопловството и меѓународните договори од областа на воздухопловството, ратификувани од Република Северна Македонија, со цел за безбедно и редовно одвивање на цивилното воздухопловство;
- врши надзор над примената на прописите од областа на цивилното воздухопловство;
- учествува во подготовка на предлог на закони од областа на воздухопловството;
- подготвува, донесува и изменува подзаконски акти од областа на воздухопловството кои се предвидени со овој закон, како и подзаконски акти со кои се пропишува спроведувањето на стандардите на Европската Унија и меѓународните стандарди, препорачани практики и нормативи од областа на воздухопловството во согласност со одредбите на овој закон;

- спроведува постапка за пристап на давателите на земски услуги на аеродром на пазарот на земски услуги на аеродром на трети лица;
- одобрува изземања, исклучоци и отстапувања од примената на прифатените меѓународни стандарди и препорачани практики кога е тоа предвидено со нив;
- одобрува Зборник на воздухопловни информации;
- води постапка и донесува управни акти за издавање, продолжување, обновување, ограничување, промена, суспендирање, повлекување и/или пренос на исправи и други управни акти кога тоа е утврдено со овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон, како и евиденција на истите;
- врши регистрација на воздухоплови, аеродроми, леталишта и евиденција на терени;
- предлага мерки за развој и примена на нови технологии во воздухопловството;
- врши заштита на правата на патниците, правата на патниците со инвалидитет и намалена подвижност во воздушниот сообраќај;
- издава одобренија за летање и дезигнации за домашни авиопревозници;
- изготвува и/или препорачува литература од областа на воздухопловството и упатства за субјектите на воздухопловната индустрија и
- врши други работи утврдени со прописите од областа на воздухопловството.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член одредени активности од надлежност на Агенцијата ги врши EASA, кога тоа е определено со меѓународен договор, со овој закон и со подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон.

(3) Агенцијата во рамките на своите надлежности утврдени со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон може да одобри изземање од примената на пропишаните услови на одредено физичко или правно лице само во случај на итни непредвидени околности или итни оперативни потреби на тоа лице. Изземањето може да биде со ограничено траење, односно до завршувањето на итните непредвидени околности или итните оперативни потреби, под услов тоа да не влијае негативно на нивото на безбедност.

(4) Во случај на недостаток на стручен кадар во Агенцијата за извршување на определени активности во рамките на своите надлежности, Агенцијата може да ангажира домашни или странски правни или физички лица од областа на воздухопловството, без да има конфликт на интереси.

## VII. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

### Член 9

Внатрешната организација на Агенцијата, видовите и бројот на организационите единици, нивниот делокруг, одговорност и меѓусебни односи, начините и формите на раководење како и графички приказ на внатрешната организација, вкупниот број на вработени, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единиции, видот на образованието и другите посебни услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата.

## VIII. ОРГАНИ НА АГЕНЦИЈАТА, НИВНИ НАДЛЕЖНОСТИ И НАЧИНОТ НА НИВНИОТ ИЗБОР, ИМЕНУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ

**Член 10**

Органи на Агенцијата се Управен одбор и Директор.

### VIII.1 Управен одбор

**Член 11**

(1) Управниот одбор се состои од три члена, од кои еден е претседател.

(2) Со работата на Управниот одбор раководи претседателот на Управниот одбор.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, со мандат од четири години, со можност за уште еден мандат.

(4) За претседател и за членови на Управниот одбор можат да бидат именувани лица кои имаат завршено високо образование од областа на техничките, правните или економските науки, со работно искуство од најмалку пет години од областа на воздухопловството и со активно познавање на англискиот јазик.

(5) За претседател и за членови на Управниот одбор можат да бидат именувани лица од редот на вработените во Агенцијата и вработените во други правни лица што вршат дејност од областа на цивилното воздухопловство основани од државата, освен ако тоа не претставува конфликт на интереси во согласност со закон.

(6) Претседателот и членовите на Управниот одбор се именуваат не подоцна од 60 дена пред истекот на мандатот на нивните претходници.

(7) За времетраењето на мандатот, претседателот и членовите на Управниот одбор не можат да бидат: пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, членови на Владата на Република Северна Македонија, лица кои извршуваат должности во органите и телата на политички партии, членови на Управни и Надзорни одбори на јавни претпријатија или акционерски друштва, или членови на друг вид на асоцијација на правни или физички лица кои би можеле да доведат до конфликт на интереси.

(8) Претседателот, член на Управниот одбор, лицата во брачна или вонбрачна заедница со претседателот или членот на Управниот одбор, роднини по права линија до втор степен, не можат да се стекнат со акции односно удели, директно или индиректно, во организација што извршува активности директно поврзани со надлежностите на Агенцијата.

(9) За претседател и за членови на Управниот одбор не можат да бидат именувани лица кои се осудени со правосилна судска пресуда за кривично дело на казна затвор во траење подолго од шест месеци или мерка забрана за вршење професија, дејност или должност за времетраење на казната или мерката.

(10) Ако постапката за именување не е завршена пред истекот на мандатот на претседателот и на членовите на Управниот одбор чиј мандат е истечен, претседателот и на членовите на Управниот одбор можат да продолжат да ја вршат својата функција, но не подолго од шест месеци.

(11) Претседателот на Управниот одбор има право на месечен надоместок во висина од 50% од просечната месечна нето-плата на ниво на Република Северна Македонија, а членовите на Управниот одбор имаат право на месечен надоместок во висина од 40% од просечната месечна нето-плата на ниво на Република Северна Македонија.

(12) Средствата за месечниот надоместок и другите трошоци на претседателот и членовите на Управниот одбор се обезбедуваат од средствата на Агенцијата, утврдени со годишниот финансиски план.

**Член 12**

(1) Управниот одбор одлучува на седници.

(2) Седниците ги свикува претседателот на Управниот одбор, најмалку еднаш месечно.

(3) Седниците на Управниот одбор се јавни. По исклучок, Управниот одбор може да одлучи дали седницата или расправата по некоја точка ќе биде затворена за јавноста.

(4) Одлуките на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

**Член 13**

(1) Управниот одбор на Агенцијата е надлежен да:

- донесува Статут и други акти на Агенцијата;
- донесува Деловник за својата работа;
- усвојува предлог и донесува Годишна програма за работа и развој;
- усвојува предлог и донесува Годишен финансиски план;
- усвојува Годишен финансиски извештај со завршна сметка;
- усвојува Извештај за реализација на годишната програма за работа и развој;
- го именува и разрешува директорот на Агенцијата во согласност со Законот за воздухопловство;
- ги донесува општите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, плати на вработените, како и тарифници и трошковници за работењето на Агенцијата;
- дава согласност на директорот за располагање со финансиските средства на Агенцијата согласно Предлог Годишниот финансики план до донесувањето на Годишниот финансиски план (времено финансирање);
- дава согласност на Предлог Годишниот план за вработување;
- дава согласност за обезбедени финансиски средства за трајно преземање на вработени од други институции во јавниот сектор;
- дава согласност за набавки на стоки, услуги или работи во вредност над 50.000,00 ЕУР;
- дава согласност за службени патувања во странство на повеќе од три вработени во исто време на исто место.
- одлучува по приговори на вработени поднесени против акти на директорот со кои тој одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во Агенцијата, во рок од 8 дена од денот на приемот на приговорот;

- соработува со други државни органи и институции и органи на единиците на локалната самоуправа;
- соработува со здруженија на граѓани и невладини организации;
- ја утврдува и ја следи реализацијата на развојната и деловната политика на Агенцијата;
- доставува извештаи, препораки и предлози до Собранието на Република Северна Македонија и други државни органи и институции од областа на цивилното воздухопловство и
- врши и други работи утврдени со Статутот и со Законот за воздухопловство.

**Член 14**

(1) Собранието на Република Северна Македонија, по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, може да ги разреши претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата пред истекот на мандатот за кој се именувани, поради следниве причини:

- на негово барање;
- во случај на спреченост на вршење на функцијата поради болест подолго од шест месеци или смрт;
- прифаќање на функција или работа што е неспојлива со неговата функција член на Управниот одбор;
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на казна затвор во траење подолго од шест месеци или мерка забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на изрекувањето на казната или мерката;
- сторил повреда на прописите од областа на воздухопловството или злоупотреба на функцијата и
- неоправдано отсуствувал на три седници едноподруго или на пет седници во тековната година.

(2) Недоставувањето на Годишна програма за работата и развој на Агенцијата, како и Годишен финансиски извештај до Собранието на Република Северна Македонија е основ за колективно разрешување на претседателот и членовите на Управниот одбор.

(3)Доколку во согласност со ставовите (1) и (2) на овој член постои причина за разрешување на член на Управниот одбор на Агенцијата пред истекот на мандатот за кој е именуван, Управниот одбор на Агенцијата треба да ја извести Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија во рок од седум дена од денот на дознавањето на причината.

**VIII.2 Директор**

**Член 15**

(1) Со работата на Агенцијата раководи директор.

(2) Директорот на Агенцијата го избира Управниот одбор на Агенцијата по пат на јавен оглас, кој се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Мандатот на директорот е четири години, со можност за уште еден последователен мандат.

(4) За директор на Агенцијата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките, правните или економските науки;

4) да има најмалку пет години работно искуство од областа на цивилното воздухопловство и најмалку три години работно искуство на раководно место;

5) активно да го користи македонскиот јазик;

6) да поседува важечки меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик и тоа:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) и

7) да поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

(5) Управниот одбор е должен да го именува директорот не подоцна од 30 дена пред истекот на мандатот на неговиот претходник.

(6) За времетраењето на мандатот, директорот не може да биде: пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, член на Владата на Република Северна Македонија, лице кое извршува должности во органите и телата на политички партии, член на Управни и Надзорни одбори на јавни претпријатија или акционерски друштва, или член на друг вид на асоцијација на правни или физички лица кои би можеле да доведат до конфликт на интереси.

(7) Директорот на Агенцијата, лицата во брачна или вонбрачна заедница со директорот на Агенцијата, роднини по права линија до втор степен, не можат да се стекнат со акции односно удели, директно или индиректно, во организација што извршува активности директно поврзани со надлежностите на Агенцијата.

(8) Директорот на Агенцијата не може да биде лице кое е осудено со правосилна судска пресуда за кривично дело на казна затвор во траење подолго од шест месеци или мерка забрана за вршење професија, дејност или должност, за времетраење на казната или мерката.

(9) Директорот е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време.

**Член 16**

(1) Директорот раководи со работата на Агенцијата и е одговорен за законитото работење на Агенцијата и ги има следниве надлежности:

- ја претставува и ја застапува Агенцијата;

- предлага, подготвува и донесува подзаконски акти, процедури и упатства за имплементација на подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за воздухопловство и внатрешни процедури за работа;
- издава овластувања на физички или правни лица за вршење на дел од надлежностите на Агенцијата кога тоа е определено со пропис донесен врз основа на Законот за воздухопловство;
- изготвува предлог на годишна програма за работа и развој, годишен финансиски план на Агенцијата, финансиски извештај со завршна сметка и извештај од реализираната годишна програма за работа и развој на Агенцијата;
- предлага општи акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, плати на вработените, како и тарифници и трошковници за работењето на Агенцијата;
- предлага акти што ги донесува Управниот одбор;
- ги извршува одлуките донесени од страна на Управниот одбор;
- донесува одлуки, решенија и други акти за кои не одлучува Управниот одбор во согласност со Законот за воздухопловство и Статутот на Агенцијата;
- обезбедува доволен стручен кадар и услови за работење со цел непречено, компетентно и ефикасно вршење на надлежностите на Агенцијата;
- назначува воздухопловни инспектори;
- назначува лица на раководни места во Агенцијата;
- издава воздухопловни информации (Air safety information letter), наредби и/или оперативни директиви;
- одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во Агенцијата;
- обезбедува соодветна и правична застапеност на сите заедници кои живеат во Република Северна Македонија;
- организира процес за консултација со субјектите на воздухопловната индустрија;
- соработува со други државни органи и институции, органи на единиците на локалната самоуправа и со невладини организации и здруженија на граѓани и
- врши други работи утврдени со овој закон и со Статутот на Агенцијата.

(2) Директорот има право да присуствува и да учествува на состаноците на Управниот одбор, без право на глас.

(3) Директорот може да поднесе оставка на својата функција во писмена форма до Управниот одбор.

(4) Ако мандатот на директорот е завршен, а постапката за именување директор не е завршена, тогаш директорот може да продолжи да ја врши функцијата се додека не се именува директор, но не подолго од шест месеци.

**Член 17**

(1) Директорот може да биде разрешен од страна на Управниот одбор пред истекување на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање;
- во случај на спреченост за вршење на функција поради болест подолго од шест месеци;

- прифаќање функција или работа што се неспојливи со неговата функција на директор;
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на казна затвор во траење подолго од шест месеци или мерка забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на изрекувањето на казната или мерката и
- повреда на прописите од областа на воздухопловството или злоупотреба на функцијата.

(2) Директорот за кого се смета дека направил повреда на прописите од областа на воздухопловството или злоупотреба на функцијата, му се овозможува да ги образложи своите ставови пред Управниот одбор.

(3) Ако директорот биде разрешен согласно со ставот (1) на овој член или во случај на смрт, Управниот одбор на Агенцијата назначува в.д. директор од редот на раководните вработени лица во Агенцијата, се додека не се именува директор, со мандат не подолг од два месеца, сметано од денот на назначувањето.

**Член 18**

На вработен кој е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да работи во Агенцијата, му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата и има право, во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа во Агенцијата за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

## IX. НАЧИН НА ЗАСТАПУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 19**

(1) Директорот на Агенцијата ја претставува и застапува Агенцијата, а во случај на користење на платено отсуство по било кој основ од негова страна, Агенцијата ја застапува лице кое тој ќе го овласти.

(2) Директорот на Агенцијата може да овласти вработено лице во Агенцијата да потпишува акти, да решава за определени прашања и да врши други работи од надлежност на Агенцијата, освен за акти и работи кои во согласност со закон се во исклучива надлежност на директорот.

## X. ДОВЕРЛИВОСТ И СТЕПЕН НА ТАЈНОСТ НА АКТИТЕ, ДОКУМЕНТИТЕ И ДРУГИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 20**

(1) Претседателот и членовите на Управниот одбор, директорот на Агенцијата и вработените во Агенцијата, како и другите правни и физички лица на кои Агенцијата ќе им довери вршење на определени работи, должни се да ја чуваат доверливоста на податоците кои не се јавно достапни, без оглед на начинот на кои ги дознале.

(2) Определувањето на соодветниот степен на класификација на информацијата се врши врз основа на проценка за можната штета и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до истата, за што директорот на Агенцијата донесува посебен акт во кој се пропишува:

- степенот на тајност на одредени акти, документи или податоци поврзани со работењето на Агенцијата кој може да биде „ДРЖАВНА ТАЈНА“, „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“, „ДОВЕРЛИВО“ И „ИНТЕРНО“;
- начинот на пристап на јавноста до одредени акти, документи или податоци поврзани со работењето на Агенцијата и
- обврската за вработените во однос на чување на доверливоста на податоците со кои располагаат.

(3) Информациите со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на Агенцијата се за ограничена употреба и до ваквите информации не е дозволен слободен пристап и тука спаѓаат:

- податоци обезбедени при водење на постапки и вршење на надзор од страна на Агенцијата;
- податоци доставени до надлежните судови до завршување на постапката;
- актот за систематизација на работните места во Агенцијата и актот за плати и надоместоци на плати во Агенцијата (освен во случај на постапка за вработување и во постапка пред надлежни државни органи);
- актите со кои се регулираат правата, обврските и овластувањата на вработените, а чие изнесување во јавност може посредно или непосредно да влијае врз работењето на Агенцијата.
- личната и здравствената документација за вработените и друга документација чие откривање би значело нарушување на приватноста и повреда на Законот за заштита на лични податоци;

(4) Актите, документи или податоците поврзани со работењето на Агенцијата кои немаат ознака дека се за ограничена употреба се јавно достапни и пристапот до нив се обезбедува преку објавување на Огласната табла во Агенцијата, веб страницата на Ахгенцијата, по барање на странките, во средствата за јавно информирање или во "Службениот весник на Република Северна Македонија".

## XI. ВРАБОТУВАЊЕ, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ ОД РАБОТЕН ОДНОС

### Член 21

(1) Постапката за вработување, остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Агенцијата се врши во согласност со Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работни односи, Статутот на Агенцијата, Колективниот договор, Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата како и другите општи акти на Агенцијата.
(2) Директорот на Агенцијата во согласност со Планот за вработување, Правилникот за систематизација и Годишниот финансиски план, донесува Одлука за вработување.

### Член 22

(1) Директорот и вработените во Агенцијата може постојано да се доспособуваат во областа на воздухопловство и другите области поврзани со работењето на Агенцијата, во согласност со утврдената политика за обука и тренинг, доколку тоа би значело воведување или унапредување во работниот процес од нивна надлежност.

(2) Дооспособувањето од став 1 на овој член опфаќа: обуки, тренинг, учење на странски јазици или користење на IT технологија.

(3) За потребата и оправданоста на барањето за дооспособување од став 1 на овој член за вработените одлучува директорот на Агенцијата, а за директорот одлучува Управниот одбор.

(4) Директорот/вработените во Агенцијата на кои им е овозможено правото на дооспособување преку обуки за стекнување или одржување на дозволи или овластувања за воздухопловен персонал се должни да потпишат договор со Агенцијата со одредено времетраење, дека доколку им престане мандатот/работниот однос (по нивна вина или на нивно барање) во Агенцијата, се согласни на Агенцијата да и ги вратат средствата кои се платени за нивното дооспособување.

## XII. НАЧИН НА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА

### Член 23

(1) Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Работата на Агенцијата е јавна.

(3) Заинтересираните страни имаат право да доставуваат свои мислења и предлози по одредени прашања од надлежност на Агенцијата.

(4) Мислењата и предлозите треба да бидат јасни и прецизни, да содржат податоци за давателот и да се доставаат во писмена форма.

### Член 24

(1) Агенцијата соработува со субјектите на воздухопловната индустрија и заинтересираните лица, преку организирање на јавни состаноци или семинари за кои навремено ќе бидат информирани и на кои ќе им се даде можност за размена на ставови и мислења.

(2) Начинот на определување на трошоците за организирање на семинари и нивното покривање го утврдува директорот на Агенцијата.

### Член 25

(1) Агенцијата ги извршува своите работи согласно одредбите од Законот за воздухопловство, подзаконските акти/прописи донесени врз основа на овој закон и интерните акти на Агенцијата.

(2) На постапките предвидени со Законот за воздухопловство супсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со Законот за воздухопловство или со подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон поинаку не е определено.

(3) За извршување на одредена работна активност во Агенцијата, директорот може со решение да формира комисија или работна група.

## XIII. ФИНАНСИРАЊЕ, СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

### Член 26

(1) Работењето на Агенцијата се финансира од средства и надоместоци во согласност со Законот за воздухопловство и други прописи донесени врз основа на овој закон.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се уплаќаат на сметка на Агенцијата, а се користат за функционирање на Агенцијата, инвестициско и тековно одржување, за обука и стручно усовршување на вработените и за унапредување на воздухопловството.

(3) Доколку во случај на воена, вонредна или кризна состојба Агенцијата не може да се финансира од средствата и надоместоците од ставот (1) на овој член во тековната година, тогаш средствата за извршување на надлежностите на Агенцијата се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија во согласност со Законот за буџетите.

(4) Предлог годишната програма за работа и развој и Предлог годишниот финансиски план, Агенцијата ги доставува на согласност до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на декември тековната година за наредната година.

(5) Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план ги донесува Управниот одбор по претходно добиена согласност од Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на јануари секоја година.

(6) Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година проследен со финансиско- сметководствени извештаи изработени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Управниот одбор на Агенцијата ги усвојува најдоцна до 25 февруари секоја година.

(7) Годишниот финансиски план содржи податоци за приходите и расходите за работењето на Агенцијата.

(8) Извештајот од независен ревизор се доставува до Управниот одбор на Агенцијата најдоцна до 1 јуни секоја година.

(9) Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата го доставува на усвојување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни заедно со Извештајот од независен ревизор.

(10) Ревизијата ја врши надворешен и независен ревизор, избран во согласност со Законот за јавните набавки.

## XIV. СОРАБОТКА СО СИНДИКАТ

### Член 27

Правата, обврските и одговорностите на вработените од работниот однос и на Агенцијата (како работодавец), како и обемот и начинот на остварување на правата и обврските и другите одредби за прашања од интерес за вработените и Агенцијата, се уредуваат со Колективен договор кој се склучува помеѓу Агенцијата како работодавец и Основната синдикална организација на Агенцијата и со други општи акти на работодавецот.

## XV. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ, ДРУГИТЕ ОПШТИ АКТИ И ПРОПИСИ

**Член 28**

(1) Статутот на Агенцијата, неговите измени и дополнувања, како и другите акти кои во согласност со Законот за воздухопловство ги донесува Управниот одбор се донесуваат по предлог на директорот на Агенцијата.

(2) По исклучок на став (1) на овој член, измени и дополнувања на Статутот може да предложи и Претседателот или некој од членовите на Управниот одбор.

(3) Измени и дополнувања на Статутот и другите акти од став 1 на ово член се донесуваат на истиот начин и во иста постапка која е пропишана за нивно донесување.

**Член 29**

За толкување на Статутот и другите акти на Агенцијата надлежен е органот на Агенцијата кој ги донел.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.03-1647/1 од 15.10.2010г.), Одлуката за изменување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.03-1786/3 од 09.11.2010г.), Статутот за измени и дополнувања на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-1313/2 од 01.08.2013г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-1734/3 од 29.11.2016г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-28/2 од 04.01.2017г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-795/2 од 31.05.2017г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-886/2 од 20.06.2017г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-668/2 од 09.05.2019г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-1005/2 од 17.07.2019г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-1143/2 од 19.08.2019г.), Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-981/2 од 22.10.2020г.) и Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство-пречистен текст (бр.02-981/3 од 22.10.2020г.).

**Член 31**

(1) Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

(2) По влегувањето во сила, овој Статут ќе биде објавен на Огласната табла во седиштето на Агенцијата и на веб-страницата на Агенцијата.

**Претседател на Управен одбор**
**Раим Бајрами**